Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПРВ 2024, до 15.9.2023 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

Të nderuar përfaqësues të organizatave qytetare,

Ju falemnderojmë për interesin e shprehur për pjesëmarrje në Thirrjen deri te sektori civil për kontributin në përgatitjen e Programit të punës së Qeverisë së Repblikës së Maqedonisë së Veriut për vitin 2024. Formularin e plotësuar ( së bashku me bashkëngjitjet, nëse ka) dorëzoni te Njësia për bashkëpunim me organizatat joqeveritare e Sekretariatit të Përgjithshëm të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, në mënyrë elektronike në adresën nvosorabotka@gs.gov.mk **me shënim Iniciativa për PVQRMV 2024, deri më 15.9.2023.** Me dorëzimin e formularit vërtetoni se pajtoheni që iniciativa juaj të publikohet në faqen e internetit nvosorabotka@gs.gov.mk.

## Општи податоци за здружението / фондацијата

## Të dhëna të përgjithshme për shoqatën/ fondacionin

Име на здружението/фондацијата: Фондација за интернет и општество Метаморфозис

Emri i shoqatës/ fondacionit:

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 5922020

NVAS (numri amë i subjektit juridik sipas të dhënave në Regjistrin Qendror):

Седиште и адреса (улица, број, општина): ул. „Франклин Рузвелт“ бр. 19, кат 2 Општина Карпош, 1000 Скопје

Selia dhe adresa ( rruga, numri, komuna):

Застапник: Бардил Јашари

Proqesverbali:

Веб страница: https://metamorphosis.org.mk/

Faqja e internetit:

Електронска пошта (e-mail): info@metamorphosis.org.mk

Posta elektronike ( e-mail):

Телефонски број за контакт: +389 2 3109 325; 070 327 261

Numri i telefonit për kontakt:

Лице за контакт: Данче Даниловска Бајдевска

Personi për kontakt:

## Предлог- иницијатива за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година

## Propozim-iniciativa për Programin vjetor të punës së Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut Për vitin 2024

**Наслов на иницијативата:** Креирање на Национална стратегија за дигитална писменост

**Emri ( titulli) i iniciativës:**

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија)

Креирањето на Национална стратегија за дигитална писменост директно придонесува кон шестиот стратешки приоритет на Владата за 2024 година, односно ‘подигнување на квалитетот на образованието достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот’.

**Prioriteti strategjik:** (kontributi- lidhur me prioritetin strategjik të caktuar të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut)

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија)

Креирањето на Национална стратегија за дигитална писменост директно придонесува кон остварување на следните приоритетни цели: ‘развивање квалитетно образование достапно за сите кое ќе создава кадар способен за логично и критично размислување базирано на анализи и факти’, и ‘образование во функција на личности кои ќе ги почитуваат и негуваат граѓанските права, толеранцијата, различностите, воспитување во духот на мултикултурализмот и интеркултурализмот и оспособување за потребите на пазарот на трудот’.

**Qëllimi prioritar:** (kontributi- lidhur me qëllimin e caktuar prioritar të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut)

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)

Кластер ‘Конкуренција и инклузивен раст’/ Поглавје 10: Информатичко општество и медиуми, Поглавје 19: Социјални политики и вработување, и Поглавје 26: Образование и култура.

Дигитална агенда за Западен Балкан

**NPAA** (lidhje me partneritetet e pranuara si dhe identifikimi adekuat i kapitullit dhe rajonit)

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

**Arsyetim:** (Përshkrim i shkurtër i iniciativës: arsyet e propozimit, lënda e rregullimit nëse bëhet fjalë pë akt ligjor ose nënligjor dhe organi kompetent i administratës shtetërore)

Креирањето и спроведувањето на Национална стратегија за дигитална писменост е од суштинско значење во време кога целиот свет, меѓу кои и Владата на Република Северна Македонија, тежи кон дигитална трансформација на општеството, односно на јавната администрација и испораката на јавните услуги. Со почетокот на КОВИД-19 пандемијата се покажа дека како држава не сме спремни за целосно, информирано и совесно учество во процесите кои се одвиваат дигитално, што меѓу другото резултираше и со големи предизвици при спроведување на образованието на далечина и хакерски напади. Поради ниската дигитална писменост, наставниот кадар беше неподготвен да ги образува идните генерации преку образование на далечина, додека стручните служби од училиштата не можеа да препознаат лажни дојави за бомби кои ги добиваа преку е-мејл, што дополнително придонесе кон губење на настава и со самото тоа, ослабнување на квалитетот на образованието на младите. Додека беа обезбедени дигитални алатки и услуги за време на пандемијата, но и денес, граѓаните пак се враќаат на шалтерите за по традиционален пат да ја добијат услугата, што меѓудругото исто така се должи и на тоа што не се чувствуваат способни да ги користат истите по дигитален пат. Ова дополнително придонесува и кон ниската искористеност на постоечките владини дигитални структури за добивање на јавни услуги, комуникација со институциите, како и учество во консултативни процеси. Недостатокот на дигитални вештини кај јавните службеници, меѓу другото, има негативно влијание на начинот на кој Владата ги води своите онлајн активности, а за возврат и конкурентноста на земјата во регионот. Ниската дигитална писменост исто така претставува и потешкотија на работното место, поради што лицата кои не се во работен однос треба дополнително да ги градат нивните дигитални вештини за да станат поконкурентни на пазарот на трудот. Дополнително, поради ниската дигитална и медиумска писменост, граѓаните стануваат ранливи на сајбер напади, измами, лажни вести и дезинформации, бидејќи истите не знаат да ги препознаат заканите и да се справат со истите.

Европската Комисија во извештајот за Северна Македонија 2022, експлицитно кажува дека „Во однос на дигиталната трансформација,

долгорочната стратегија за информатичко-комуникациска технологија (ИКТ) (за периодот од 2021-2026 година) сè уште не е донесена. Потребно е да се изготват и да се донесат стратегија за развој на дигиталните вештини и референтна рамка за дигитална писменост во општеството. Подобрувањето на дигиталната писменост е приоритет во стратегијата за образование, со цел да се осигури дигитална трансформација преку повеќеаспектен пристап.“ Понатаму, еден од приоритетите на процесот на креирање на оваа стратегија е и усогласувањето со новововедената Европска легислатива и регулативаа со процесот на надградба на медиумските закони (што е во тек преку проектот EU for Freedom of Expression: Alignment of National Media Legislation with EU Acquis and Media Standards) и идната стратегија ќе го опфати и усогласувањето со Digital Services Act (Закон за дигитални услуги) и Digital Markets Act (Закон за дигитален пазар) којшто стапи на сила овој месец, како и усогласувањето со идната Директива на ЕУ за слобода на изразување која е во фаза на усвојување.

За да ги адресира горенаведените предизвици, потребно е креирање на Национална стратегија за дигитална писменост. Со стратешки пристап за описменување на целото население меѓу кои и младите низ формалниот образовен процес, за ефикасно и совесно користење на дигитални алатки и платформи за разни цели (образование, работен ангажман, учество во креирање на јавни политики, консултативни процеси, користење на јавни е-услуги, комуникација, итн.) се подигнува квалитетот на образованието, се обезбедува покомпетентен и покомпетитивен работен кадар за пазарот на трудот, се омоќуваат граѓаните за да земат активно учество во јавни дигитални процеси, но и се гради култура на безбедно општество отпорно на разни сајбер закани. Преку дигитално описменување на целото население меѓу кои и младите низ формалниот образовен процес, се подигнува квалитетот на образованието и обезбедува покомпетентен и покомпетитивен работен кадар за пазарот на трудот, што директно кореспондира на наведената приоритетна цел. Бидејќи дел од дигитална писменост е и медиумска писменост, преку оваа национална стратегија треба да се цели кон општество со развивено критичко

мислење и отпорност кон лажни вести и дезинформации.

Оваа национална стратегија треба да предвиди развивање и спроведување на детална едукативна програма на повеќе нивоа (основно, средно, напредно) кои би се комуницирале соодветно на возраста, менталниот капацитет и стручноста на граѓаните од сите сфери. Покрај развивањето на дигиталните вештини преку формалното образование (предучилишно, училишно, средно, високо образование), стратегијате треба да предвиди и креирање на програми за доживотно учење за да се опфатат граѓани кои што не се дел од формалното образование.

Исто така, оваа национална стратегија треба да биде поддржана со постојано оценување на пристапот до граѓаните до потребната дигитална инфраструктура (интернет конекција и дигитални алатки) како и дигиталните вештини за граѓаните за да се процени нивното ниво на дигитални вештини, осигурувајќи дека ги поседуваат потребните вештини за ефективно користење на јавните услуги и активно учество на пазарот на трудот и во животот на заедницата. Посебно внимание треба да се посвети на проценка на средните и напредните дигитални вештини на граѓаните, преку што дополнително ќе се развие курикулум кој треба да биде спроведен преку масовни обуки на целото население, започнувајќи со младите во формалниот образовен процес и јавната администрација.

Надлежни органи за оваа стратегија треба да бидат Министерство за образование и наука, Министерство за информатичко општество и администрација, додека помеѓу придружните органи за поддршка треба да бидат Биро за развој на образование, Националнен центар за одговор на компјутерски инциденти – МКД-ЦИРТ, и Државен завод за статистика.

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

**Ndikimet e pritshme:** (Cilat janë ndikimet e pritshme nga propozim-iniciativa)

Очекуваните влијанија на долг рок се:

- Покомпетитивни граѓани на пазарот на трудот преку зголемување на нивните дигитални вештини;
- Способни граѓани кои умешно и совесно ги користат е-услугите и

учествуваат во јавните е-процеси обезбедени од државата, при тоа придонесувајќи кон нивна поголема активност и поголем придонес кон креирање на политики и учество во разни јавни процеси преку електронски пат, обезбедени од државата;
- Поквалитетен образовен систем кој одговара на потребите на пазарот на трудот и испорачува кадар способен за логично и критично размислување базирано на факти;
- Оспособена јавна администрација за спроведување на поефикасен и побезбеден систем за испорака на јавни е-услуги и други дигитални алатки овозможени од страна на јавните институции;
- Поголемо користење на постоечките владини е-услуги и поттикнување на процес на нивно проширување и усовршување благодарение на барањата од граѓаните, што директно влијае на подобрување на деловната околина и функцинирањето на слободниот пазар преку јакнење на институционалниот капацитет.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

**Implikime financiare:** (A shkakton propozim-iniciativa implikime financiare? Nëse ka, a janë të siguruara mjetet e nevojshme dhe nga cilat burime?)

Предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации. Потребните средства не се обезбедени.

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

**Bashkëngjitje** (me shënimin e autorit të dokumentit):

- Александар Стојановски, “Истражувањето за критичкото мислење и медиумската писменост кај младите во Република Северна Македонија” (2019)
- Ирена Бојаџиевска, Наталија Шикова, “Опсерваторија за Дигиталната агенда – Извештај за тековната состојба и патоказ за унапредување на Дигиталната агенда во Северна Македонија” (2022)
- Европска Комисија, “Извештај на Европска комисија за Северна Македонија 2022”

Потпис на застапникот | Nënshkrimi i përfaqësuesit

15.09.2023 година ------------------------------ ------ 2023 ------------------------------

М.П. V.V